Услови и правила за користење на електронските услуги на АВРМ

**е-Работа**

Агенцијата за вработување им нуди можност на своите корисници дел од услугите да ги користат по електронски пат.

Предвидено е електронските услуги да бидат достапни 24 часа, 7 дена во неделата, но АВРМ не може да гарантира дека тие ќе работат без прекин и без проблеми.

АВРМ го задржува правото да прави промени или прекин на електронските услуги од технолошки, правни или деловни причини.

АВРМ не е одговорна за ненавремено поднесување на оглас, пријава/одјава или друго барање или документ поради неактивност на електронските услуги, како и за било каква штета за која корисникот мисли дека е предизвикана поради тоа, затоа што ниедна електронска услуга не е задолжителна и сите се достапни и на шалтерите на АВРМ.

Услугите за физички лица можат да се користат само во свое име и со своја корисничка сметка.

Услугите за правни лица може да се користат во име и со корисничка сметка на правното лице, доколку тоа е регулирано со овластување од правното лице на чие име е корисничката сметка.

Сите корисници се должни да ја чуваат во тајност лозинката за најава.

АВРМ не е одговорна за неовластено користење на електронските услуги во туѓо име, со туѓа корисничка сметка, со туѓи податоци и со туѓи e-mail адреси. Тоа претставува злоупотреба и е казниво по закон.

АВРМ се обврзува дека со податоците кои клиентите ги внесуваат преку електронските услуги ќе постапува во согласност со Законот за заштита на личните податоци, Законот за пристап до информации од јавен карактер, Закон за прибавување и размена на докази по службена должност.

АВРМ може да врши размена на податоците со други државни и јавни институции и органи, доколку за тоа постои законски основ.

Сите услуги може да се користат доколку корисниците се согласни со условите и правилата пропишани во овој документ и во согласност со важечките законски прописи.

Агенција за вработување на Република Македонија